23/I

2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9


# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Сабота, 14 јуни 1975
Скопје
Број 22 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128


**209.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАБРАНА НА ПРОМЕТ НА ЗЕМЈИШТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за забрана на промет на земјиште, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 10 јуни 1975 година.

Бр. 06-1421
11 јуни 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Претседателството
на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАБРАНА НА ПРОМЕТ НА ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Законот за забрана на прометот на земјиште („Службен весник на СРМ“ бр. 30/74), во член 1 во претпоследниот ред, по зборот „недвижности“, наместо запирка се става точка и се бришат зборовите „а најдоцна до 30 јуни 1975 година“.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**210.**

Врз основа на член 318, став 2, а во врска со член 334, став 1, алинеја 7 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на седницата на Општествено-политичкиот собор, одржани на 10 јуни 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА СРЕДСТВАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ЗА 1974 ГОДИНА

I

Средствата на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството за 1974 година изнесуваат:

| | |
|---|---|
| 1. Пренесени средства од 1973 година | 7.927.879.698 |
| 2. Остварени приходи во 1974 година | 370.917.578 |
| ВКУПНО | 8.298.797.276 |
| 3. Непосредни расходи | 635.403.805 |
| 4. Расположливи средства на 31. XII. 1974 година | 7.663.393.471 |

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1429
11 јуни 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**211.**

Врз основа на член 334, алинеја 9 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со членовите 4 и 24 од Посебниот општествен договор за критериумите и мерилата за усогласување на надоместокот на личен доход и на примањата на делегатите и функционерите што ги избираат односно именуваат Собранието на СРМ, Претседателството на СРМ, Извршниот совет на Собранието на СРМ, општествено-политичките организации и Стопанската комора на Македонија, склучен на 22 јануари 1975 година („Службен весник на СРМ“ број 2/75), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 10 јуни 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ДЕЛЕГАТИТЕ И ЗА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА И ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Делегатите во Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Собрание) својата функција ја вршат како општествена и, по правило, без надоместок.

Член 2

Право на надоместок на личен доход имаат делегатите во Собранието кои за деновите поминати на работа во Собранието, неговите собори и нивните работни тела чии членови се, или кои вршат работи по одлука на овие тела, не остваруваат личен доход во организација на здружен труд, друга организација, заедница или орган или не остваруваат приход од самостојна дејност.

Член 3

Делегатите во Собранието кои не остваруваат личен доход во организација на здружен труд, друга организација, заедница или орган, а не се на функција во Собранието, надоместок на личен доход можат да остваруваат во Собранието во постојан месечен износ.

Одлука од претходниот став донесува Административната комисија на Собранието.

Член 4

Функционерите определени со оваа одлука, што ги избира и именува Собранието односно што ги именува претседателот на Собранието (функционери), имаат право на личен доход во постојан месечен износ.

Член 5

Делегатот вработен во организација на здружен труд, избран на одредена функција во Собранието, за чие вршење е потребен повисок степен на ангажираност, личниот доход продолжува да го остварува во организацијата во која е вработен.

Степенот на ангажираноста на функционерот од претходниот став го утврдува Претседателството на Собранието.

Собранието ѝ рефундира на организацијата на здружениот труд, во договор со неа, износ од 90% од личниот доход што делегатот го остварува во неа.

Износот на средствата што Собранието ѝ ги рефундира на организацијата на здружениот труд го утврдува Административната комисија, а договорот со организацијата на здружениот труд од името на Собранието го склучува секретарот на Собранието.

Член 6

На делегатите избрани од Собранието на одредени функции, кои не се на постојана работа во Собранието, може да им се исплатува посебен додаток за вршење на функцијата најмногу до 30% од просекот на личниот доход утврден според одредбите на оваа одлука за односната функција.

Посебниот додаток од претходниот став, заедно со личниот доход што делегатот го остварува во организацијата на здружениот труд, не може да го надмине износот на личниот доход утврден според одредбите на оваа одлука за таа функција.

Член 7

Правата утврдени со оваа одлука им припаѓаат на делегатите од денот на верификацијата на мандатот до крајот на месецот во кој им престанал делегатскиот мандат, а на функционерите од денот на изборот односно именувањето до крајот на месецот во кој се разрешени од функцијата.

Член 8

Правата, што според важечките прописи се стекнуваат по основ на труд, ги имаат делегатите и функционерите кои во Собранието остваруваат надоместок на личен доход, односно личен доход според одредбите на оваа одлука.

Член 9

Средствата за надоместоците на личните доходи и трошоците на делегатите и функционерите според оваа одлука се обезбедуваат со пресметката на органот во кој се вршат тие функции.

## II. НАДОМЕСТОЦИ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ДЕЛЕГАТИТЕ И ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ

Член 10

Надоместоците на личните доходи на делегатите во Собранието од член 3 на оваа одлука се утврдуваат во износ на просечниот личен доход остварен во последните 6 месеци, сметајќи од месецот во кој е започнато остварувањето на надоместокот на личниот доход во Собранието.

Надоместоците на личните доходи од претходниот став ги усогласува Административната комисија со своја одлука, имајќи ги предвид критериумите и мерилата и соодносите утврдени со оваа одлука, со тоа што вака утврдениот надоместок на личен доход не може да биде повисок од личниот доход утврден за функцијата претседател на одбор.

Член 11

Личниот доход на функционерите се утврдува на тој начин што просечниот личен доход остварен во стопанството во Републиката во претходното полугодие се множи со следните коефициенти:

1. претседател на Собранието и претседател на Извршниот совет на Собранието — 4,00

2. претседател на Уставниот суд на Македонија, потпретседател на Собранието, потпретседател на Извршниот совет на Собранието, претседател на собор на Собранието и командант на Главниот штаб за народна одбрана на СР Македонија — — — — — — 3,55

3. член на Извршниот совет на Собранието, претседател на постојана комисија на Собранието, претседател на одбор на Општествено-политичкиот собор на Собранието, секретар на Собранието, секретар на Извршниот совет на Собранието, судија на Уставниот суд на Македонија, претседател на Врховниот суд на Македонија, јавен обвинител на Македонија, претседател на Републичкиот суд на здружениот труд, претседател на Стопанскиот суд на Македонија, републички општествен правобранител на самоуправувањето, републички јавен правобранител и началник на Главниот штаб за народна одбрана на СР Македонија — — — — — — — — — 3,10

4. претседател на републички комитет, претседател на републичка комисија, директор на Фондот за кредитирање побрзиот развој на недоволно развиените краишта на Македонија и виши советник на Собранието — 3,00

5. заменик на републички секретар, потпретседател на републички комитет, заменик на секретар на Собранието, секретар на собор на Собранието, шеф на кабинетот на претседателот на Собранието, судија на Врховниот суд на Македонија, судија на Републичкиот суд на здружениот труд, судија на Стопанскиот суд на Македонија, претседател на Републичкиот совет за прекршоци, претседател на окружен суд и претседател на окружен стопански суд — — — — — — — — 2,80

6. секретар на републичка комисија што на таа функција го избира или именува Собранието и самостоен советник на Собранието 2,65

7. судија на Републичкиот совет за прекршоци, судија на окружен суд, судија на окружен стопански суд и советник на Собранието 2,50

Член 12

Личниот доход според одредбите на член 10 и 11 од оваа одлука се зголемува според годините на работниот стаж, изразен во признаен пензиски стаж и тоа:

— над 2 до 5 години 1%
— над 5 до 10 години 3%
— над 10 до 15 години 5%
— над 15 до 20 години 7%
— над 20 до 25 години 9%
— над 25 до 30 години 11%
— над 30 до 35 години 13%
— над 35 години 15%

Процентот од став 1 на овој член им се зголемува за 2% на жените — избрани или именувани функционери што имаат над 25 години стаж, но најмногу до 15%.

Член 13

Личните доходи на функционерите се усогласуваат според просечниот пораст на личните доходи на вработените во стопанството во Републиката и со просечниот пораст на продуктивноста во стопанството во претходното полугодие, врз основа на службените податоци на Републичкиот завод за статистика.

Одлука за усогласување на личниот доход од претходниот став донесува Административната комисија.

Член 14

На функционерите чиј личен доход на поранешната функција, односно работното место бил поголем од личниот доход што им припаѓа според одредбите на оваа одлука, по правило, им се утврдува личен доход во износот што го имале на поранешната функција, односно работно место.

Личниот доход утврден според претходниот став, не се зголемува додека не се создадат услови за примена на одредбите од оваа одлука.

По исклучок, за функционерите со над 35 години работен стаж за мажи, односно 30 години за жени, зголемувањето на личниот доход се врши на тој начин што за основа се зема личниот доход утврден според оваа одлука за таа функција.

За функционери чиј личен доход, утврден според став 1 на овој член, битно ги нарушува односите во соодветната категорија, по предлог на Заедничката комисија на потписниците на Посебниот општествен договор, се утврдува личен доход врз основа на одредбите на оваа одлука.

## III. НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИТЕ НА ДЕЛЕГАТИТЕ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ

Член 15

Делегатите, претседателот и членовите на Извршниот совет на Собранието имаат право на надоместок на трошоците во врска со вршењето на нивните функции во износ од три дневници месечно.

Член 16

Делегатите имаат право на надоместок на трошоците за деновите поминати надвор од местото на постојаното живеење заради учество во работата на телата на Собранието чии членови се или заради вршење на работа по одлука на телата на Собранието.

Висината на патните и дневните трошоци за службени патувања на делегатите од претходниот став и на функционерите ја утврдува Административната комисија.

Делегатите и функционерите во Собранието имаат право на дневници за службено патување во странство според прописите што ги донесува Извршниот совет на Собранието.

Член 17

Собранието на делегатите им обезбедува бесплатен превоз во железничкиот и патниот јавен сообраќај во Републиката во сите правци и за неограничен број патувања.

Член 18

На делегатите и функционерите, кои според одредбите на оваа одлука примаат надоместок на личен доход, односно личен доход во постојан месечен износ, им припаѓа надоместок за користење на годишен одмор во износ од 60% од просечниот личен доход остварен во стопанството во Републиката во претходната година.

Член 19

Функционерите имаат право на надоместок на стварните трошоци за селидба од поранешното место на постојано живеење во Скопје и обратно.

Член 20

Функционерите што живеат одвоено од своето семејство, имаат право на надоместок за одвоен живот во месечен износ од 1.500 динари.

Член 21

Делегатите и функционерите кои според одредбите на оваа одлука примаат надоместок на личен доход односно личен доход во постојан месечен износ, кога ќе остварат право на пензија, им припаѓа отпратнина во висина на тримесечниот износ на личниот доход.

Член 22

Во случај на смрт на делегат односно функционер, на лицето што го извршило погребот му се исплатува надоместок на трошоците за погребот во висина на двомесечен надоместок на личниот доход на умрениот.

Член 23

Административната комисија:

— го утврдува износот на надоместокот од член 2 на оваа одлука;

— го утврдува износот на посебниот додаток од член 6 на оваа одлука;

— ги утврдува видовите, висината и начинот на исплатување на надоместоците на членовите на работните тела на Собранието и неговите собори, избрани од редот на научните, стручните и јавните работници.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Лицата што ги уживаат правата од Законот за работата и правата на републичките пратеници и функционери на кои им престанува функцијата, продолжуваат да примаат надоместок на личен доход што го имале на денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Усогласувањето на надоместокот на личниот доход од претходниот став се врши сходно со одредбите на став 2 од член 10 на оваа одлука.

Член 25

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за надоместокот на личен доход и трошоците на пратениците и функционерите што ги избира и именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 5/73 и бр. 47/73).

Член 26

Одредбите на оваа одлука, кои се однесуваат на утврдувањето на личниот доход, односно надоместоците на личниот доход и нивното усогласување, се применуваат од 1 јануари 1975 година, а другите одредби од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 27

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1415
11 јуни 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**212.**

Врз основа на член 191 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ", бр. 8/75), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## НАРЕДБА
## ЗА ПОСЕБНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ВОЗИЛА НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА ОД I РЕД бр. 1 и 2

I

Во времето од 15 јуни до 15 септември се забранува сообраќајот на товарни моторни возила чија најголема дозволена тежина преминува 5 тона и сообраќај на сите други возила кои на рамен пат не можат да развиваат поголема брзина од 40 км. на час на патиштата:

1. на деловите од јавниот пат од I ред број 1 од Табановце до Градско, и
2. на делот од јавниот пат од I ред број 2 од Скопје до петљата „Маџари".

II

Ограничувањето на сообраќајот од точка I на оваа наредба ќе се применува од 15 до 20 часот:

1. во петок и на денот пред државниот празник; и
2. во недела и на државен празник.

III

Ограничувањето на сообраќајот од оваа наредба на последниот ден на државниот празник и на денот пред државниот празник ќе се применува во текот на цела година.

IV

Ограничувањето на сообраќајот од точка I на оваа наредба не се однесува на:

— возилата на Југословенската народна армија;

— возилата со право на првенство за минување;

— возилата за одржување на електричните и ПТТ инсталации; и

— возилата за одржување на патот и за помош на патот, ако тие имаат жолто ротационо светло;

— специјални возила за превоз на бетон (миксери) и за превоз на асфалтна маса.

V

Со парична казна од 1000 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друга организација ако учествува во сообраќајот спротивно на одредбите од точка I, II и III од оваа наредба.

Со парична казна од 200 до 1000 динари ќе се казни за прекршокот од претходниот став сопственик на товарно моторно возило.

VI

Со влегувањето во сила на оваа наредба престанува на важи Наредбата за посебно ограничување на сообраќајот за определени возила на јавните патишта од I ред бр. 1 и 2 („Службен весник на СРМ" бр. 22/73 и 27/74).

VII

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 05-6758/1
28 мај 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с. р.

---

**213.**

Врз основа на член 50 алинеја четврта од Законот за рибарство („Службен весник на СРМ" бр. 15/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## НАРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ЛОВОСТОЈ НА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ РИБИ И РАКОВИ

I.

Во Наредбата за одредување ловостој на одредени видови риби и ракови („Службен весник на СРМ" бр. 29/74) во поглавјето I — Преспанско Езеро, точките од 1 до 4 се бришат и наместо нив се додава нов став кој гласи:

„На Преспанското Езеро во периодот од 25 април до 25 мај се забранува ловење на риби.

Забраната трае од 1975 до 1977 година".

II.

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 08-1181/1
16 мај 1975 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**д-р Јанко Лазаревски,** с. р.

---

**214.**

Врз основа на член 50 алинеја петта од Законот за рибарство („Службен весник на СРМ" бр. 15/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## НАРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ УПОТРЕБАТА НА РИБОЛОВНИ СРЕДСТВА ЗА СТОПАНСКИ И СПОРТСКИ РИБОЛОВ

I.

1. Во Наредбата за ограничување употребата на риболовни средства за стопански и спортски риболов („Службен весник на СРМ" бр. 29/74), во поглавјето I, точка 1, алинеја прва бројот „30 мм" се заменува со „28 мм";

во алинејата осма бројот „12 мм" се заменува со „11 мм";

во алинејата десетта бројот „12 мм“ се заменува со „42 мм“.

2. Во поглавјето I точка 2 подточката г) се менува и гласи: „Блинкер со влечење за лов на пастрмка на Охридско Езеро во периодот од 16. IX. до 31. V.; од 16. VI. до 30. VI.; од 16. VII. до 31. VII. и од 16. VIII. до 31. VIII“.

II.

Во поглавјето II, точка 1 подточката д) се менува и гласи: „блинкер со влечење за лов на пастрмка на Охридското Езеро во периодот од 16. IX. до 31. V.; од 16. VI. до 30. VI.; од 16. VII. до 31. VII. и од 16. VIII. до 31. VIII“.

III.

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 08-1181/3
16 мај 1975 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**д-р Јанко Лазаревски,** с. р.

**215.**

Врз основа на член 50 алинеја прва од Законот за рибарство („Службен весник на СРМ“ бр. 15/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## НАРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ЗАБРАНА ЛОВЕЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ РИБИ И РАКОВИ ПОД ОДРЕДЕНА ГОЛЕМИНА

I.

Во Наредбата за забрана ловење на одредени видови риби и ракови под одредена големина („Службен весник на СРМ“ бр. 29/74), во поглавјето I став два алинеја седма бројката „50 см“ се заменува со „35 см“.

II.

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 08-1181/2
16 мај 1975 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**д-р Јанко Лазаревски,** с. р.

**216.**

Уставниот суд на Македонија оценувајќи ја законитоста на членовите 36 и 40 од Одлуката за општинските даноци на граѓаните, донесена од Собранието на општина Охрид на седницата одржана на 26 и 27 декември 1973 година и на членот 7 од Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за општинските даноци на граѓаните, донесена од Собранието на општина Охрид на седницата одржана на 12 февруари 1975 година, по одржаната јавна расправа на 2 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се утврдува дека членовите 36 и 40 од Одлуката за општинските даноци на граѓаните, донесена од Собранието на општина Охрид на седницата одржана на 26 и 27 декември 1973 година („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 6/73), во времето на нивната важност, не биле во согласност со Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ“ бр. 39/72, 3/73, 24/73 и 46/73).

2. Се поништува членот 7 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за општински даноци на граѓаните, донесена од Собранието на општина Охрид на седницата одржана на 12 февруари 1975 година („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 1/75).

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во „Службен гласник на општина Охрид“.

4. Уставниот суд на Македонија, по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 38/74 од 2 октомври 1974 година поведе постапка за оценување законитоста на членовите 36 и 40 од одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Законот за даноците на граѓаните.

Во текот на постапката членовите 36 и 40 од оспорената одлука беа изменети и дополнети со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за општинските даноци на граѓаните, што Собранието на општина Охрид ја донело на седницата одржана на 12 февруари 1975 година. Со оглед на тоа што со новата одлука не е предвидена можност за изменување на поединечните акти донесени на основа на оспорените членови од одлуката, Судот во смислата на ставот 2 на член 34 од Законот за Уставниот суд на Македонија ја продолжи постапката за оценување законитоста на одлуката.

На јавната расправа Судот утврди дека во ставот 1 на член 36 од одлуката е определено општинскиот данок на згради за станбените згради и делови на згради, како и за деловните простории, да се плаќа во годишен паушален износ и тоа: 1) за зградите од тврд материјал (бетонска конструкција) по 10 динари за еден квадратен метар корисна станбена површина; 2) за зградите од мешан материјал (камен, бетон, цигла и друго) по 7 динари за еден квадратен метар корисна станбена површина и 3) за згради од слаб материјал (плитари, штици и друго) по 5 динари за еден квадратен метар корисна станбена површина. Во ставот 2 од овој член на одлуката е определено данокот на згради за објектите што служат за рекреација (станбени згради, вили, викендици) да се плаќа во годишен паушален износ од 20 динари за еден квадратен метар корисна станбена површина.

Според членот 1 од Законот за даноците на граѓаните секој граѓанин е должен според своите приходи односно економска сила да плаќа даноци за задоволување на општите општествени потреби, а според членот 155 од овој закон стапките на данокот на згради треба да се прогресивни. Со оглед на тоа што со ставот 2 на член 36 од одлуката сите граѓани-обврзници на данокот на згради за објектите што служат за одмор и рекреација плаќаат еднаков износ на данокот по квадратен метар корисна станбена површина, без оглед на материјалот од кој е изграден објектот, Судот утврди дека оваа одредба од одлуката во времето на нејзиното важење не била во согласност со членот 1 од Законот за даноците на граѓаните. Судот исто така утврди дека членот 36 од одлуката не бил во согласност и со членот 155 од Законот за даноците на граѓаните затоа што данокот на згради со овој член од одлуката е определен само во зависност од квалитетот на зградата и од нејзината намена, но не и прогресивно. Според мислењето на Судот начелото на прогресивноста при определувањето на данокот на згради не се применува само во случаите кога данокот се утврдува според вредноста на зградата туку ова начело треба да се применува и во случаите кога данокот на згради се определува по квадратен метар корисна станбена површина.

Разгледувајќи го членот 40 од одлуката означена во точката 1 од оваа одлука Судот утврди дека во овој член од одлуката било определено за корисна станбена површина во станбените згради и станови да се смета само површината на собите за живеење (спални, дневни, кујни и ниши), а за корисна станбена површина во зградите за одмор и рекреација да се смета освен површината на

дневните соби, спалните, кујните, нишите, уште и површината на претсобјата, оставите, бањите и други простории. Со оглед на тоа што со оваа одредба од одлуката се пропишани различни критериуми за определување на корисната станбена површина во станбените згради и становите наменети за живеење и во зградите за одмор и рекреација, при што е оставена можност и други делови од зградите за одмор и рекреација да се сметаат за корисна станбена површина, Судот смета дека со тоа се пропишани нееднакви услови за плаќањето на овој вид данок и дека поради тоа овој член од одлуката во времето на неговото важење, не бил во согласност со членот 2 од Законот за даноците на граѓаните.

5. Разгледувајќи го по сопствена иницијатива членот 7 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за општинските даноци на граѓаните, донесена од Собранието на општина Охрид на седницата одржана на 12 февруари 1975 година Судот утврди дека со овој член од одлуката се менува ставот 2 на членот 36 од претходната одлука во таа смисла што и данокот на згради за објектите за одмор и рекреација се определува во различен износ по квадратен метар корисна станбена површина во зависност од материјалот од кој е изграден објектот. Со тоа, според мислењето на Судот, ставот 2 на член 36 од претходната одлука е доведен во согласност со членот 1 од Законот за даноците на граѓаните. Меѓутоа, бидејќи и во новиот став 2 на член 36 не е пропишано прогресивно оданочување, Судот утврди дека членот 7 од одлуката означена во точката 2 од оваа одлука, не е во согласност со членот 155 од Законот за даноците на граѓаните.

Со оглед на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

У. бр. 38/74
2 април 1975 година
Скопје

Го заменува претседателот
Судија
на Уставниот суд на Македонија,
**Димитар Стојчев,** с. р.

## ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**217.**

ДО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

СКОПЈЕ

Републичката изборна комисија за избор на делегати во собранијата на РСИЗ го прими од Општинската изборна комисија за избор на делегати во собранијата на РСИЗ — Скопје, записникот за утврдување на резултатот од изборот на два делегата во Делегатската единица — Заедница за вработување на СРМ што се одржа на 26. XII. 1974 година и откако го разгледа истиот, во смисла на член 47 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ број 8/74), го поднесува следниот

### ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕЗУЛТАТОТ ОД ИЗБОРОТ НА ДВА ДЕЛЕГАТА ВО СОБРАНИЕТО НА РСИЗ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

1. Изборот на двата делегата во Собранието на РСИЗ за општествена заштита на децата во Делегатската единица — Заедница за вработување на СР Македонија што не беше извршен на 12 април 1974 година, се изврши на 26. XII. 1974 година на седница на Собранието на Републичката заедница за вработување (член 60 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници).

2. Изборот на двата делегата во оваа Делегатска единица, согласно член 61 од Законот го спроведе Претседателот на Собранието на Републичката заедница за вработување со двајца членови на Собранието.

3. Резултатите од изборот во оваа Делегатска единица ги утврди општинската изборна комисија за избор на делегати во собранијата на РСИЗ — Скопје, на начин утврден во член 43 и 44 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници.

4. Републичката изборна комисија го прегледа записникот за утврдување на резултатот од изборот на двата делегата во Собранието на РСИЗ за општествена заштита на децата и во утврдувањето на резултатот не најде на неправилности што би имале битно влијание на резултатот од изборот.

5. Резултатот од изборот е следен :

Во делегатската единица — Републичка заедница за вработување — Скопје, во која се избираат два делегата, на изборите одржани на 26. XII. 1974 година, според утврдениот резултат за делегати избрани се кандидатите и тоа:

1) Кандидатот Павел Мишевски, Основно училиште „Климент Охридски“ — Охрид за кого од вкупно 34 членови на делегацијата (Собранието на Републичката заедница за вработување) гласале 29 членови и сите 29 гласале за него:

2) Кандидатот Стојадин Неделковиќ, Општински комитет на СКМ — Куманово, за кого од вкупно 34 членови на делегацијата — (Собранието на Републичката заедница за вработување) гласале 29 и сите 29 гласале за него.

Неважни гласачки ливчиња — нема.

6. На избраните делегати, Општинската изборна комисија — Скопје, согласно член 62 а во врска со член 46 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници, им издале уверенија дека се избрани за делегати.

7. Во прилог на овој Дополнителен извештај, Ви се доставува и записникот на Општинската изборна комисија за утврдувањето на резултатот од изборот на двата делегата во Собранието на РСИЗ за општествена заштита на децата во Делегатската единица — Заедница за вработување на СР Македонија.

Во Скопје, 26 мај 1975 година, Бр. 82/4/74.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОБРАНИЈАТА НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ОСНОВАНИ ЗА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА

Секретар,
**Никола Алексовски,** с. р.

Претседател,
**Славе Петровски,** с. р.

Членови:
1. **Владо Црвенковски,** с. р.
2. **Живко Атанасовски,** с. р.
3. **м-р Славко Гелевски,** с. р.

**218.**

ДО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА СО СВОЈСТВО НА СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Во извештајот на Републичката изборна комисија за избор на делегати во соборите на Собранието на СР Македонија бр. 173 од 23. XI. 1974 год. за резултатите од изборите на членовите на Собранието на Републичката заедница на културата со својство на собор на Собранието на СР Македонија, ДЕЛ А — КОРИСНИЦИ НА КУЛТУРНИ ДЕЈНОСТИ, р. бр. 9 стр. 4, наведено беше дека во Општинската заедница на културата —

Кратово, изборот не е извршен поради тоа што доцна беа распишани избори за избор на делегати во Собранието на Општинската заедница на културата — Кратово итн. Новата седница на Собранието на Општинската интересна заедница за културата — Кратово се одржа на 28 април 1975 година. Републичката изборна комисија го прими записникот од новата седница на Собранието на Општинската интересна заедница за културата — Кратово за изборот на еден член во Собранието на Републичката заедница на културата со својство на собор на Собранието на СР Македонија, од редот на корисниците на културните дејности, истиот го разгледа и на Собранието на Републичката заедница на културата со својство на собор на Собранието на СР Македонија му поднесува

ДОПОЛНИТЕЛЕН ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ЧЛЕНОВИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА СО СВОЈСТВО НА СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

ДЕЛ А — КОРИСНИЦИ НА КУЛТУРНИ ДЕЈНОСТИ

Во Општинската заедница на културата — Кратово, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран Воислав Славковски, ул. „Ѓуро Салај“ бр. 14 — Кратово.

Резултатот од изборот е следен: Од 15 членови воведени во списокот на делегатите на Собранието на Општинската заедница на културата — Кратово, гласале 10 делегати. За кандидатот Воислав Славковски гласале вкупно 10 делегати. Неважни гласачки ливчиња нема.

Во прилог Ви го доставуваме записникот од одржаната седница на Собранието на Општинската интересна заедница на културата — Кратово за избор на член во Собранието на Републичката заедница на културата со својство на собор на Собранието на СР Македонија.

Во Скопје, 26 мај 1975 година, бр. 173/1/74.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОБОРИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Секретар,
**Никола Алексовски,** с. р.

Претседател,
**Славе Петровски,** с. р.

Членови:

1. **Владо Црвенковски,** с. р.
2. **Живко Атанасовски,** с. р.
3. **м-р Славко Гелевски,** с. р.

---

По извршеното срамнување, установено е дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги, објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 19/75, се поткраднала грешка, поради што се дава

## ИСПРАВКА

### НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 2 треба да гласи: „Во тарифен број 2, став 1, по стапката „6%“ се додаваат зборовите: „а за патничките автомобили од 4%“, и во ставот 2, по стапката „3%“, се додаваат зборовите: „а за патнички автомобили од 1%“.

Бр. 10-140
9 јуни 1975 година
Скопје

ОД ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

---

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СТРУМИЦА

**244.**

Врз основа на член 62 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), глава V став 5 од Одлуката за утврдување органите на управувањето и другите органи на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Струмица, согласно член 17 став 1 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ФОРМИРАЊЕ, СОСТАВ И НАДЛЕЖНОСТ ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА НА ВЕШТАЦИ — ЛЕКАРИ

Член 1

Се формира Комисија на вештаци — лекари (во натамошниот текст — Комисија) како стручен орган во постапката во состав на Стручната служба на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица.

Член 2

Комисијата ја сочинуваат тројца лекари — специјалисти од определени области на медицината и двајца заменици.

Комисијата има претседател.

Претседателот и членовите на Комисијата, како и нивните заменици се именуваат од Собранието на Заедницата.

Член 3

За членови на Комисијата, како и нивни заменици можат да се именуваат лекари — специјалисти, кои имаат најмалку искуство од 5 години во оценувањето на работната способност на осигурениците или во работите на лекарските комисии.

Член 4

Комисијата на вештаци — лекари дава своја оценка врз основа на стручна медицинска документација и непосреден преглед на осигурените лица и др. во следните случаи:

1. дава оценка кога осигуреникот изјави приговор на оценката на лекарската комисија, односно на фактичката состојба што лекарската комисија ја утврдила;
2. ја испитува, по повод ревизија, правилноста на оценката што како конечна ја дава лекарската комисија и дава своја оценка;
3. по претходно прибавено мислење од соодветна клиника — Скопје, може да даде одобрение за лекување на осигурените лица надвор од територијата на СРМ;
4. врши стручен надзор за правилно лекување на осигурените лица во здравствените работни организации (терапија, боледување, упатување за лекување во други места, водење и регистрирање на правилна стручна евиденција и др.);
5. врши и други работи што ќе ѝ се ставаат во задача од Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување.

Член 5

Комисијата во својата работа е должна да се придржува на одредбите од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението, Законот за интересните заедници на здравството и здравственото осигурување, Статутот, Правилникот и другите општи акти, донесени од Заедницата.

Комисијата работи на седница во полн состав. Седниците на Комисијата ги свикува претседателот по потреба.

Седиштето на Комисијата е во Струмица, а ќе работи за осигурените лица од подрачјето на општините Струмица и Валандово, осигурените лица на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Струмица.

Член 6

За својата работа Комисијата води дневник во кој се внесуваат општите податоци и оценките, односно одлучувањето за осигурените лица.

Административните работи на Комисијата ги врши Стручната служба за спроведувањето на здравственото осигурување на Заедницата на здравството и здравственото осигурување.

Член 7

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање, состав и надлежност за работа на Комисијата на вештаци — лекари, под бр. 02-995 од 13. 07. 1973 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од наредниот ден по донесувањето.

Бр. 02-688/1
25 април 1975 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов,** с. р.

**245.**

Врз основа на член 36 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 30 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници, одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ТРОШОЦИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за учество на осигурените лица во трошоците при користење на здравствена заштита, под бр. 02-1859/1 од 27. 12. 1974 година („Службен весник на СРМ" бр. 6/75), член 3 став 1 точките 5, 14 и 15, се изменуваат и истите ќе гласат:

1. Точката 5, обични чевли (член 4 став 4) 40%
2. Точката 14, сите видови очни помагала (член 19) 40%
3. Точката 15, слушни помагала 50%

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од наредниот ден по донесувањето.

Бр. 02-690/1
25 април 1975 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов,** с. р.

**246.**

Врз основа на член 25 став 1 алинеја 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), а во врска со член 28 став 1 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ, САМОСТОЈНИТЕ УГОСТИТЕЛИ, АВТОПРЕВОЗНИЦИТЕ И АДВОКАТИТЕ

Член 1

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии, самостојните угостители, автопревозниците и адвокатите, служи даночната основица (личниот доход) од самостојно вршење на стопанска дејност утврдена за претходната година, со тоа што таа основица се смета како аконтација за текуштата година, која основица не може да изнесува помалку од минималниот личен доход во Републиката за текуштата година.

Член 2

За самостојните занаетчии, самостојните угостители, автопревозниците и адвокатите, на кои не им се утврдува даночна основица, а данокот го плаќаат во годишен паушален износ, како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравственото осигурување ќе служи минималниот личен доход за текуштата година.

Член 3

Ако даночната основица (личниот доход) не е утврдена за дел од календарската година, поради тоа што дејноста не е обавена за целата година, основица за осигурувањето ќе служи привремено минималниот личен доход одреден за текуштата година, до утврдувањето на даночната основица.

Член 4

За лицата пензионери, вработени со полно и помалку од полното работно време за работите кои ги работат, служи основицата на личниот доход што го примаат за работното време.

Член 5

За лицата во работен однос вработени со работно време покусо од половината од полното работно време, пропишано за работите кои ги вршат, ќе служи како основица личниот доход што го примаат, а придонес ќе се пресметува по тарифата во случај на несреќа на работа и професионални заболувања.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-692/1
25 април 1975 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов,** с. р.

---

**247.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), а во врска со член 28 став 1 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд во здравството даватели на услугите, одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИТЕ РАБОТОДАВЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравственото осигурување и за утврдување на правата од здравственото осигурување на лицата вработени кај приватните работодавци.

Член 2

За вработените лица кај приватните работодавци, основицата е личниот доход договорен меѓу работодавецот и работникот, но не помалку од следните износи:

— за неквалификувани работници 1.100,00 динари

— за полуквалификувани работници 1.300,00 динари

— за квалификувани работници 1.500,00 динари

— за висококвалификувани работници 1.700,00 динари

Член 3

За домашните помошнички — личниот доход договорен меѓу работодавецот и домашната помошничка, но не помалку од 1.100,00 динари месечно.

Член 4

Придонесите што ќе се пресметуваат и плаќаат по основиците утврдени во член 2 и 3 од оваа одлука, ќе се пресметуваат месечно наназад, сметајќи од денот на осигурувањето по 1/30-тина.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за висината и утврдување на основиците за пресметување на придонесот за здравственото осигурување и остварување на правата од здравственото осигурување на одделни категории осигуреници, донесена од Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, под бр. 02-665/1 од 29. 04. 1974 година, објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 42/74.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-691/1
25 април 1975 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов,** с. р.

---

**248.**

Врз основа на член 23 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 68 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците, член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 30 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници, одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСЛОВИТЕ ПО КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ОСИГУРЕНИКОТ ИЗДРЖУВА ЧЛЕНОВИ НА ПОШИРОКОТО СЕМЕЈСТВО И ДЕКА ЧЛЕНОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НЕМА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ДОВОЛНИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат условите под кои се сметаат како издржувани лица членовите на поширокото семејство и другите лица што се осигурени според одредбите на Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и Статутот на Заедницата, како и условите под кои се смета дека издржуваните лица немаат сопствени приходи доволни за издржување.

Член 2

Ќе се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото семејство ако тие живеат со него во заедничко домаќинство или не живеат, под услов да немаат сопствени приходи доволни за издржување, предвидени во оваа одлука.

Член 3

Се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото семејство кои живеат во заедничко домаќинство со осигуреникот, ако тие немаат сопствени приходи доволни за издржување, односно ако нивниот катастарски приход од земјоделие не го надминува износот од 600,00 динари годишно или ако другите приходи не го надминуваат износот од 200,00 динари месечно, или ако катастарскиот приход и другите приходи заедно не го надминуваат износот од 2.400,00 динари годишно по едно издржувано лице.

Член 4

Членот на поширокото семејство кој не живее во заедничко домаќинство со осигуреникот, ќе се смета за издржувано лице, ако неговите сопствени приходи не ги надминуваат износите предвидени во членот 3 од оваа одлука и ако осигуреникот докаже дека учествува во трошоците на неговата издршка со најмалку од 300,00 динари месечно.

Член 5

Се смета дека децата земени за издржување немаат сопствени приходи доволни за издржување, ако нивните приходи односно ако приходите на нивните родители по член на домаќинство не ги надминуваат износите предвидени во член 3 од оваа одлука.

Член 6

Како приходи во член 3 од оваа одлука не се сметаат приходите по основ на инвалиднина, односно телесно оштетување и додатокот за помош и нега, што се обезбедува според прописите од инвалидското осигурување, како и другите примања на издржуваното лице за кои според посебни прописи изрично е утврдено дека не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

Член 7

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите под кои се смета дека осигуреникот издржува членови на семејството и дека членот на семејството нема сопствени приходи доволни за издржување, под бр. 02-997 од 13. 07. 1973 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од наредниот ден по донесувањето.

Бр. 02-689/1
25 април 1975 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов,** с. р.

**249.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 7, член 18 став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), член 19 став 1 алинеја 6 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на заедничката седница на сите собори на Собранието, одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСОЧИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СТРУМИЦА ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат височината на придонесите за здравственото осигурување преку Основните заедници на здравството и здравственото осигурување — Струмица и Валандово, заради обезбедување средства на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, за 1975 година и тоа:

а) Од фондот на здравственото осигурување на работниците — Струмица и Валандово, во височина од 23%
б) Од фондот на здравственото осигурување на земјоделците — Струмица и Валандово, во височина од 13%

Член 2

Како основица за пресметување на придонесите од член 1 на оваа одлука, ќе служат вкупните приходи на основните заедници на здравството и здравственото осигурување на работниците и земјоделците, за обезбедување средства на Општинската заедница.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-695/1
25 април 1975 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов,** с. р.

**250.**

Врз основа на член 13 став 1 точка 5 и член 19 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), член 18 став 2, член 25 став 3 и член 27 став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 28 став 1 точка 5 и 6 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица на седницата на Соборот на делегатите — работници — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ, ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И ОБВРЗНИЦИ НА ДОПРИНОСОТ НА ЛИЦАТА УЖИВАТЕЛИ НА СТРАНСКИ ПЕНЗИИ: СТАРОСНИ, ИНВАЛИДСКИ И ФАМИЛИЈАРНИ И ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ — ТЕЛЕСНО ОШТЕТУВАЊЕ КОИ ПРИМААТ НАДОМЕСТОК — РЕНТА ИСКЛУЧИВО ОД СТРАНСКИ НОСИТЕЛИ НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Југословенските државјани што во странство оствариле право на старосна, инвалидска или семејна пензија во земјите со кои Југославија нема склучено конвенција за здравствено осигурување, а живеат на територијата на СРМ, имаат право на здравствена заштита.

Член 2

Југословенските државјани што биле на привремена работа во странство во држави со кои Југославија склучила конвенција за социјално осигурување, поради повреда на работа или професионално заболување, станале инвалиди на трудот и се здобиле со право на постојан надоместок — рента поради телесно оштетување исклучиво од страна на странскиот носител на осигурување, имаат право на здравствена заштита на преостанатиот дел вон од телесното оштетување.

Член 3

Право на здравствена заштита имаат и членовите на семејството на осигурениците предвидени во член 1 и 2 од оваа одлука.

Член 4

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствената заштита — осигурување за осигурениците од членот 1 и 2 на оваа одлука, ќе служи износот на пензијата — рентата стекната во странство пресметана во динарска вредност спрема званичниот курс на соодветната валута во почетокот на секој месец.

Ако пензијата — рентата е пониска од минималниот личен доход во Републиката, како основица ќе служи минималниот личен доход предвиден за текуштата година.

Член 5

Стапката за пресметување на придонесот за здравствена заштита се утврдува во висина од 9,50%.

Член 6

Обврзници за плаќање на придонесот според оваа одлука се лицата предвидени во член 1 и 2, а обврската на придонесот стасува во првиот ден на месецот.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-693/1
25 април 1975 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СТРУГА

**251.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 24 од Самоуправната спогодба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, Собранието на Заедницата, на заедничката седница на Соборот на делегатите приматели на услуги — работници и Соборот на давателите на услуги — здравствени работници, на заедничката седница одржана на 31 март 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАНИ МЕСЕЧНИ ИЗНОСИ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствено осигурување во постојани месечни износи за 1975 година се плаќаат и тоа:

1. За лицата на доброволна и задолжителна практика (волонтери и други) што не примаат личен доход, ако работат со полно работно време, во износ од 60,00 динари, во кои се содржани:

— износ од 20,00 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита;

— износ од 36,00 динари на име придонес за правата над задолжителните видови на здравствена заштита и другите права од здравственото осигурување;

— износ од 4,00 динари на име придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести.

2. За учениците кои изучуваат определено занимање, односно учениците во стручните училишта со практична настава во износ од 18,00 динари, во кој се содржани:

— износ од 6,00 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита;

— износ од 11,00 динари на име придонес за правата над задолжителните видови на здравствена заштита и другите права од здравственото осигурување;

— износ од 1,00 динари на име придонес за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионална болест.

3. За лицата кои учествуваат на младински работни акции, на кои по прописите за инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност, лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, за лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука, се плаќа износ од 21,60 динари, во кој се содржани:

— износ од 8,40 динари за задолжителни видови на здравствена заштита;

— износ од 13,20 динари на име придонес за правата над задолжителните видови на здравствена заштита и другите права од здравственото осигурување.

4. За лицата припадници на територијалните единици, припадници на цивилната заштита, за време на изведувањето на задачите на територијалната одбрана во износ од 18,00 динари, во кој се содржани:

— износ од 6,40 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— износ од 11,60 динари на име придонес за правата над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување.

5. За уживателите на постојана помош доделена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет во износ од 72,00 динари, во кој се содржани:

— износ од 25,00 динари на име придонес за задолжителните видови на здравствена заштита, и

— износ од 47,00 динари на име придонес за правата над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување.

Член 2

Во постојани месечни износи се плаќаат и придонесите за здравствено осигурување, за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести за:

1. учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии за времетраењето на практичната работа во врска со наставата во износ од 10,00 динари;

2. лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, лицата кои изведуваат обука во одредите на предвојничката обука, лицата кои се наоѓаат на извршување задачи на територијалната одбрана или на цивилната заштита, припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита во износ од 12,00 динари.

Член 3

За членовите на потесното семејство на југословенските работници на работа во странство кои живеат на подрачјето на Заедницата, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување, се плаќа придонес за здравствено осигурување во постојан месечен износ од 50,00 динари, во кој се содржани:

— износ од 20,00 динари на име придонес за задолжителните видови на здравствена заштита, и

— износ од 30,00 динари на име придонес за правата над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување.

Член 4

Придонесите за лицата опфатени со оваа одлука со член 1 и 2 се пресметуваат и плаќаат месечно наназад.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од еден месец за секој календарски ден во соодветниот месец се плаќа 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-2185/1
22 април 1975 година
Струга

Претседател,
**инж. Боро Прентоски,** с. р.

**252.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението, член 17 став 3 и член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 24 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 31 март 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСОЧИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

Член 1

На осигурениците кои здравствено се осигурени со закон и самоуправните општи акти на Заедницата им припаѓа право за помош и спрема за секое новородено дете и тоа:

1. на осигуреник — жена;
2. на осигуреник — маж, во случај на породување на неговата брачна другарка која е осигурена како член на неговото семејство;
3. на осигуреник — во случај на породување на било кое женско лице кое е осигурено како член на неговото семејство.

Помош за новороденото дете припаѓа и во случај на породување на женско лице на семејство на кое му е обезбедена здравствена заштита поради тоа што осигуреникот се наоѓа на отслужување, односно дослужување на воениот рок.

Помош и спрема за секое новородено дете припаѓа и:

1. за дете родено во рок од 300 дена од денот на смртта на осигуреникот, односно од денот на разводот на бракот со осигуреникот од кого се изведува тоа право;
2. за дете на осигуреник родено надвор од брак, ако татковството е утврдено врз основа на признание или со правосилна судска пресуда;
3. за усвоено дете на возраст од 6 месеци па живот, ако за тоа дете претходно не е исплатена помош.

Член 2

Височината на помошта за спрема за секое новородено дете изнесува 250 динари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-2184
31 март 1975 година
Струга

Претседател,
**инж. Боро Прентоски,** с. р.

**253.**

Врз основа на член 52 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), член 17 став 3 и член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 24 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 31 март 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Во случај на смрт на член на семејството, на осигуреникот му припаѓа надоместок на трошоци за закоп во височина од:

— 500 дин. — за дете до 1 година возраст;
— 800 дин. — за дете од 1—7 годишна возраст;
— 1.100 дин. — за дете од 7 до 14 годишна возраст;
— 1.400 дин. — преку 14 годишна возраст;
— надоместок на трошоци за посмртна помош во височина на еднострук износ од основот за надоместок на личниот доход од претходната година.

Надоместокот на трошоци за закоп во случај на смрт на осигуреникот, односно на членот на семејството на осигуреникот од став 1 и 2 на оваа точка се исплатува на физичкото, односно правното лице што го извршило закопот.

Член 2

Надоместокот за закоп на осигурени лица надвор од подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга се исплатува спрема одлуката на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување каде што се врши закопот на осигуреното лице, ако тоа е поповолно за него.

Член 3

Надоместокот на трошоците за закоп на осигуреното лице умрено во странство за време додека боравело тамо се определува и исплатува во височината на стварните трошоци за закоп во таа земја.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-2183
31 март 1975 година
Струга

Претседател,
**инж. Боро Прентоски,** с. р.

**254.**

Врз основа на член 36 од Законот за здравството и задолжителните видови на здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), член 17 став 3 и член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување, член 24 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници, одржана на 31 март 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ТРОШОЦИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Заради порационално и поекономично користење на средствата наменети за здравствена заштита, со оваа одлука се определуваат видови на здравствените услуги при чие користење осигурените лица на оваа заедница задолжително учествуваат во поднесувањето на трошоците, како и височината на тоа учество.

Член 2

Оваа одлука се применува на осигурените лица на оваа заедница кои се осигурени по Законот и по самоуправните акти на Заедницата.

Осигурените лица од претходниот став не учествуваат во трошоците при користењето на здравствени услуги кои имаат карактер на задолжителни видови на здравствена заштита и здравствените услуги предизвикани со несреќа на работа и професионални заболувања предвидени со Законот и самоуправните акти на оваа заедница.

Член 3

| | |
|---|---|
| 1. Здравствените услуги укажани со цел за хируршки корекции на вродените недостатоци и деформации или слично на нив, настанати пред здобивање својство на осигурено лице со | 50% |
| 2. Сите здравствени услуги, абортуси за кои не постои апсолутна медицинска индикација | 50% |
| 3. За незадолжителните имунизации од вкупниот износ на трошоците | 50% |
| 4. Обични чевли (член 4 став 4) | 30% |
| 5. Ортопедски чевли (член 10) | 30% |
| 6. Наракввици | 30% |
| 7. Сите видови гумени чорапи, освен на осигурените лица од женскиот пол кога носат протези на долните екстремитети | 40% |
| 8. Затеги, суспензориуми и појаси | 30% |
| 9. Корсети и мидери | 30% |
| 10. Ортопедски влошки | 40% |
| 11. Кожни капи | 40% |
| 12. Протези за горни и долни екстремитети (вештачки раце со дланки, функционални продолжетоци и непоставени должни наракввици), како и протези на долните екстремитети (со навлака за поткинат дел), кога потребата за овие протези настанала пред здобивање својство на осигурено лице (член 4 став 1 до 3 и член 5) | 20% |
| 13. Сите видови очни помагала (член 29) | 30% |
| 14. Слушни помагала | 20% |
| 15. Привремени и имедијатни протези | 50% |
| 16. Заботехничка помош и други забнопротетички средства | 20% |
| 17. Апарати за говор | 20% |
| 18. Вештачка дојка (член 22 став 1 точка 8) | 30% |
| 19. Перика поради болест за осигуреник жена (член 22 став 1 точка 7) | 50% |

Член 4

Како трошоци во смисла на оваа одлука се подразбираат: услугите, помагалата и санитарните справи утврдени со договор меѓу Заедницата и здравствената работна организација, односно Заедницата и работната организација која го испорачува помагалото и санитарните справи.

Член 5

Осигурените лица го плаќаат утврдениот дел на учество со оваа одлука на организацијата која ќе ја изврши услугата, односно која ќе го испорача помагалото и во случај таа организација да не склучила договор со оваа заедница на осигуреното лице, а има регулирани договорни односи со подрачната заедница на здравството и здравственото осигурување.

Член 6

Осигурените лица — деца до наполнувањето на 15 годишна возраст и ученици кои се на редовно школување до 16 годишна возраст, како и студентите најмногу до 26 годишна возраст, ако за тоа време се утврди инвалидност од I категорија во смисла на прописите од инвалидското осигурување, а не се стекнале со некое право по прописите од инвалидското осигурување, не плаќаат учество во трошоците на здравствените услуги предвидени во член 3 став 1 од оваа одлука, освен за услугите на точка 1 на истиот член.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-2181
31 март 1975 година
Струга

Претседател,
**инж. Боро Прентоски,** с. р.

---

**255.**

Врз основа на член 37 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) член 9 и 17 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), член 24 точка 1 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 31 март 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПАТУВАЊЕ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

При остварување на здравствена заштита во друго место, надвор од подрачјето на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Струга, осигурените лица имаат право да ги користат средствата на јавниот сообраќај и тоа: автобус во патниот сообраќај и втора класа воз во железничкиот сообраќај.

За извршеното патување на начин одреден во претходниот став на име трошоци за патување на осигуреното лице се исплатува износ во височина на стварните трошоци.

Член 2

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита, изнесува:

— 60 динари — на подрачјето на Републиката;
— 70 динари — во центарот на Републиката;
— 80 динари — надвор од Републиката; и
— 100 динари — во републичките центри.

Член 3

Надоместокот за патни и дневни трошоци од член 2 на оваа одлука ќе се исплатува во полн износ во случај кога патувањето и престојот трае подолго од 12 часа, односно во височина од 50% од пропишаниот износ во случај кога патувањето и престојот трае над 8 до 12 часа.

Кога патувањето и престојот трае 8 и помалку часа надоместокот не се исплатува.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-2180
31 март 1975 година
Струга

Претседател,
**инж. Боро Прентоски,** с. р.

**256.**

Врз основа на член 9 и 17 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), член 24 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, Соборот на делегатите — приматели на услуги — работници, на одржаната седница на 31 март 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ ПРИДОНЕСИ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦАТА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИТЕ РАБОТОДАВЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравственото осигурување и за утврдување правата од здравственото осигурување на лица вработени кај приватни работодавци, за кои со Законот за самоуправните интересни заедници за здравство и здравствено осигурување не е утврдена основица за придонес.

Член 2

Основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување и за утврдување на правата од здравственото осигурување за лицата вработени како: градежни работници, угостителски работници, превозници, молери, електро-инсталатери, машин-бравари, автомеханичари и други слични занимања се утврдуваат според квалификациите во следните износи:

| | | |
|---|---|---|
| — за неквалификувани работници | 1.300 | дин. |
| — за полуквалификувани работници | 1.600 | „ |
| — за квалификувани работници | 1.800 | „ |
| — за висококвалификувани работници | 2.000 | „ |

Член 3

За вработените лица од сите останати дејности ненаведени во член 2 од оваа одлука, основиците се утврдуваат според квалификациите во следните износи:

| | | |
|---|---|---|
| — за неквалификувани работници | 1.100 | дин. |
| — за полуквалификувани работници | 1.200 | „ |
| — за квалификувани работници | 1.400 | „ |
| — за висококвалификувани работници | 1.600 | „ |
| — за домашни помошнички | 1.100 | „ |

Член 4

За ученици во стопанството, односно за ученици на училиштата за квалификувани работници за кои покрај училишната програма се изведува и практична настава во работната организација, училиштата или кај приватниот работодавец е наградата што ја прима, но не помалку од следниот износ:

| | | |
|---|---|---|
| — за прва година | 200 | дин. |
| — за втора година | 300 | „ |
| — за трета година | 400 | „ |

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1975 година. Истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-2182
31 март 1975 година
Струга

Претседател,
**инж. Боро Прентоски,** с. р.

---

**257.**

Врз основа на член 20 и 23 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), член 24 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 31 март 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ОСИГУРЕНИКОТ ИЗДРЖУВА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО И ДЕКА ЧЛЕНОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НЕМА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат условите под кои ќе се сметаат за издржувани лица членови на семејствата и други лица што се осигурени според Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението, како и условите под кои се смета дека издржуваното лице нема сопствени приходи доволни за издржување.

Член 2

Се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото семејство ако тие живеат со него во заедничко домаќинство и немаат сопствени приходи доволни за издржување, а осигуреникот ги издржува од своите приходи.

Член 3

Се смета дека издржуваните членови на семејството немаат сопствени приходи доволни за издржување ако нивниот катастарски приход од земјоделството не го надминува износот од 250 динари годишно или други приходи не го надминуваат износот од 100 динари месечно, или ако катастарскиот приход и другите приходи месечно заедно не го надминуваат износот од 1.000 динари годишно по едно издржувано лице.

Член 4

Членот на семејството кој не живее во заедничко домаќинство со осигуреникот, ќе се смета за издржувано лице ако неговите сопствени приходи не ги надминуваат износите од претходниот член на оваа одлука и ако осигуреникот учествува во трошоците за неговото издржување со најмалку од 200 динари месечно.

Член 5

Лицата кои осигуреникот ги зел на издржување осигурени се по правило, ако немаат родители. Деца кои имаат еден или двајца родители осигурени се како деца кои осигуреникот ги зел на издржување, ако родителите поради својата здравствена состојба и други околности не се способни или се спречени за стопанисување, односно не се во состојба да се грижат за децата и за нивното издржување, а децата и родителите немаат сопствени приходи доволни за издржување. Сето под услов обата родители да не се способни за стопанисување или спречени тоа да го сторат.

Се смета дека децата земени на издржување во смисла на претходниот став немаат сопствени приходи доволни за издржување ако нивните приходи, односно приходите на нивните родители по член на домаќинството, не ги надминуваат износите предвидени во член 3 од оваа одлука.

Член 6

Како приход во смисла на член 3 од оваа одлука не се сметаат приходите по основ на инвалиднина за телесно оштетување и додатокот за помош и нега што се обезбедуваат според прописите од инвалидското осигурување, како и други примања на издржуваното лице за кои според посебни прописи со кои се установуваат одделните

примања, изрично е утврдено дека не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

Член 7

Износите од член 3 и 4 од оваа одлука ќе важат додека со самоуправен договор на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување на Македонија овие износи не бидат поинаку определени.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-2179
31 март 1975 година
Струга

Претседател,
**инж. Боро Прентоски,** с. р.

**258.**

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 4/74) и член 24 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската интересна заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, на седниците на Соборот на делегатите и на земјоделците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржани на 31 март 1975 година, донесоа

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

I

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесите за финансирање на здравственото осигурување на земјоделските осигуреници кај Општинската заедница на здравственото осигурување на земјоделците — Струга.

II

Земјоделските осигуреници ги плаќаат следните придонеси на здравственото осигурување:

а) 10% за осигуреници — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход) и 15 динари придонес по член на домаќинството на осигуреникот.

б) 100 динари паушал по домаќинство и по 15 динари паушал за секој осигурен член на домаќинството за осигуреници што немаат сопствена земја.

III

Средствата што ќе се остварат со придонесот од личниот доход од земјоделската дејност со стапка од 10%, со утврдениот паушал по член на домаќинството во износ од 15 динари и паушалот по домаќинството од 100 динари за секој член ќе се делат:

— 74% за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— 26% за подмирување на другите права и обврски од здравственото осигурување.

IV

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1975 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-2180
31 март 1975 година
Струга

Претседател,
**инж. Боро Прентоски,** с. р.

**259.**

Врз основа на член 24 и член 46 став 1 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, а по предлог на Извршниот одбор на Заедницата и Советот на работната заедница при Стручната служба, Собранието на Заедницата, на одржаната седница на 27 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕФЕРЕНТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

I

Се именува за референт за здравствено осигурување, односно се поставува на тоа работно место досегашниот раководител на реферада лицето Виктор Топалоски.

II

За работното место под точка I од оваа одлука да не се распишува конкурс, туку директно да се постави од Заедницата по предлог на Советот на работната заедница лицето Топалоски Виктор.

III

Личниот доход на именуваниот да му биде определен според мерилата и самоуправните спогодби што се во сила за работниците во Стручната служба на Општинската заедница.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 мај 1975 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-2004/2
27 февруари 1975 година
Струга

Претседател,
**инж. Боро Прентоски,** с. р.

**260.**

Врз основа на чл. 24 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, а по предлог на Советот на работната заедница при Стручната служба и Извршниот одбор на Собранието на Заедницата, Собранието на Заедницата, на одржаната седница на 27 февруари 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА ЗАЕДНИЦАТА

I

Се укинува работното место раководител на реферадата за здравство при Стручната служба на Заедницата.

II

Се отвора ново работно место — шеф на здравството при Стручната служба на Заедницата, со висока школска подготовка и најмалку 2 години работно искуство или со виша стручна подготовка со најмалку 3 години работно искуство.

III

Се отвора ново работно место — референт за здравство при Стручната служба на Заедницата — Струга, за кое е предвидено средна стручна подготовка и над 2 години работно искуство.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, ќе се применува од 1 мај 1975 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-2004/1
27 февруари 1975 година
Струга

Претседател,
**инж. Боро Прентоски,** с. р.

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Лидија Муртезовиќ од Скопје, ул. „Јане Сандански" бр. 90, против тужениот Хашим Муртезовиќ, со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Хашим Муртезовиќ, да се јави во судот или да ја соопшти својата адреса во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. Во спротивно, ќе му се определи старател кој ќе го застапува до окончувањето на овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 912/75. (92)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Ајвазоски Шабанов Ајваз од Прилеп, ул. „Дунавска" бр. 12, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Ајвазоска Гулсефа од Прилеп, сега со непознато место на живеење.

Бидејќи тужената Гулсефа е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно на истата ќе и биде поставен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола. П. бр. 157/75. (90)

## СОДРЖИНА

Страна

209. Закон за изменување на Законот за забрана на промет на земјиште — — — — 385
210. Одлука за завршната сметка на средствата на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството за 1974 година — — — — — — — — 385
211. Одлука за надоместоците на личните доходи на делегатите и за личните доходи на функционерите што ги избира и именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — 385
212. Наредба за посебно ограничување на сообраќајот за определени возила на јавните патишта од I ред бр. 1 и 2 — — — — 388
213. Наредба за измена на Наредбата за одредување ловостој на одредени видови риби и ракови — — — — — — — — — 388
214. Наредба за измена на Наредбата за ограничување употребата на риболовни средства за стопански и спортски риболов — 388
215. Наредба за измена на Наредбата за забрана ловење на одредени видови риби и ракови под одредена големина — — — 389
216 Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 38/74 од 2 април 1975 година — — 389
217. Дополнителен извештај за резултатот од изборот на два делегата во Собранието на РСИЗ за општествена заштита на децата 390
218. Дополнителен прилог кон Извештајот за резултатите од изборот на членови во Собранието на Републичката заедница на културата со својство на собор на Собранието на СР Македонија — — — — 391

**Исправка** на Законот за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги 391

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

244. Одлука за формирање, состав и надлежност за работа на Комисијата на вештаци — лекари — — — — — — — — — 391
245. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за учество на осигурените лица во трошоците при користење здравствена заштита — — — — — — — — — 392
246. Одлука за определување на основици за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии, самостојните угостители, автопревозниците и адвокатите — — — 392
247. Одлука за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонес за здравственото осигурување на лица вработени кај приватните работодавци — — 393
248. Одлука за условите по кои се смета дека осигуреникот издржува членови на поширокото семејство и дека членот на семејството нема сопствени приходи доволни за издржување — — — — — 393
249. Одлука за утврдување височината на придонесите за здравственото осигурување на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица за 1975 година — — — — — — — 394
250. Одлука за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонесот за здравственото осигурување и обврзници на доприносот на лицата уживатели на странски пензии: старосни, инвалидски и фамилијарни и инвалидите на трудот — телесно оштетување кои примаат надоместок — рента исклучиво од странски носители на социјалното осигурување — — 394
251. Одлука за придонесите на здравственото осигурување што се плаќаат во постојани месечни износи за одделни категории осигуреници за 1975 година — — — — 395
252. Одлука за височината на износот на помошта за спрема на секое новородено дете 396
253. Одлука за височината на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурените лица — — — — — — 396
254. Одлука за учество на осигурените лица во трошоците при користење на здравствената заштита — — — — — — — — 396
255. Одлука за износот на надоместокот на трошоците за патување, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита — — — — — — — — — — 397
256. Одлука за утврдување на основиците за пресметување и плаќање придонеси за здравствено осигурување на лицата вработени кај приватните работодавци — 398
257. Одлука за условите под кои се смета дека осигуреникот издржува членови на семејството и дека членот на семејството нема сопствени приходи за издржување 398
258. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување висината на придонесот за здравствено осигурување на земјоделците — — — — — — — — 399
259. Одлука за именување референт за здравствено осигурување — — — — — 399
260. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за систематизација на работните места на стручната служба на Заедницата — — — — — — — — — — 399

**Издавач: „Службен весник на СРМ" — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**